ФРОСКА САПУНЏИЕВА ФЉУРИМ ЗУЛФИЈА
ВЕСЕЛИНКА МАЏАРОВА

# МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

## ЗА VI ОДДЕЛЕНИЕ



ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

ФРОСКА САПУНЏИЕВА ФЉУРИМ ЗУЛФИЈА
ВЕСЕЛИНКА МАЏАРОВА

# МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

## ЗА VI ОДДЕЛЕНИЕ

## ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ



**Издавач:** МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Автори:**
м-р Фроска Сапунциева
м-р Фљурим Зулфија
Веселинка Маџарова

**Учебникот го уреди:** Веселинка Маџарова

**Рецензенти:**
м-р Жана Димчевска - претседател
Зорица Вучиновиќ - член
Зоран Грковски - член

**Компјутерска обработка и графички дизајн:**
Веселинка Маџарова

**Лектор:**
Јасминка Поркојевиќ -Миленковиќ

**Стручна редакција:**
Дардан Браими

**Графичко и техничко уредување:**
Арбериа Десигн - Тетово (Куштрим Арифи)

Со одлука на Националната комисија за учебници за основно и средно образование при Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, со дел. бр. 26-1107/1 од 09.07.2020 година се одобрува употреба на овој учебник.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

373.3.016:78(075.2)=163.3

САПУНЦИЕВА, Фроска
Музичко образование за VI одделение деветгодишно основно образование [Електронски извор] / Фроска Сапунциева, Фљурим Зулфија, Веселинка Маџарова. - Скопје : Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија, 2022

Начин на пристапување (URL): https://www.e-ucebnici.mon.gov.mk. - Текст во PDF формат, содржи 77 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 09.02.2022

ISBN 978-608-273-029-5

1. Зулфија, Фљурим [автор] 2. Маџарова, Веселинка [автор]

COBISS.MK-ID 56324101

„Музиката се занимава со убавото во областа на звуците, а само добрите луѓе можат да уживаат во убавото.“

(Платон)




,,Музиката е уметност која преку тоновите ги изразува чувствата.“

(Хајнрих Кристоф Кох)

# ДЕНЕС НАД МАКЕДОНИЈА

Текст: Владо Малески
Музика: Тодор Скаловски




Одново сега знамето се вее,
на Крушевската република!
Гоце Делчев, Питу Гули,
Даме Груев, Сандански!
Гоце Делчев, Питу Гули,
Даме Груев, Сандански!

Горите Македонски шумно пеат,
нови песни, нови весници!
Македонија слободна,
слободно живее!
Македонија слободна,
слободно живее!



# ЕЛЕМЕНТИ НА МУЗИЧКА ПИСМЕНОСТ
(виолински клуч, петолиние и нота)






**ЗАДАЧИ**



√ Кои тонови недостасуваат во оваа табела?
√ Во нотните тетратки напишете ги тоновите од табелата по редослед, по име и според местото на запишување.

# ОДА НА РАДОСТА






*„Ода на радоста“ (на германски „Ode an die Freude“) е химна на Европската Унија.*
Во 1971 година на Парламентарното собрание на Советот на Европа одлучило да ја предложи „Ода на радоста“ од Бетовеновата „Деветта симфонија“, да биде усвоена за европска химна. „Одата на радоста“ е како виножито – сјајна, блескава и стварно – нестварна, недопирлива, а толку блиска.“

***Химна е свечена песна.***

**Ода на радоста**

Радост бистра убост чиста,
ќерко од Елизија,
опивна си моќ што блиска,
занес и поезија.
Твојте сништа спокој шират,
злото што го скротува.
Сите луѓе да се смират,
звукот твој ги сплотува.

Срeќни да сте милиони
јас ви праќам бакнеж врел.
Дружба, братство, љубов,
слога да ни мине живот цел.
Другар ти со другар биди,
гордост има секој жив.
Тој пак тоа што го нема,
нема живот, нема здив.

**Neşeye Şarkı**

Kardeş olun ey insanlar,
Bunu ister Tanrımız!
Bu dünyada herşey geçer,
En son sana dost kalır.

İnsanlığa doğruluğa,
Göğsünü aç korkma sakın.
Hür doğmuştur insanoğlu,
Hür yaşamak hakkıdır.

**Ода радости**

Радост краси све лепоте,
Кћери из Јелисеја!
Опојна ти моћ красоте,
Узвишена мисија.

Твоје снове вежу нити,
Што растави многа зла.
Сви ће људи браћа бити,
Крила твоја спајат' зна.

**Oda e gëzimit**

G'zim e lule bukurie,
Rreze elisioni.
Forca yte hieshie,
Të lart'son misioni.
Shteg mbi ura ënd'ra yte
triumfon ndaj ligësis'.
Shkrepe lart s'i rreze drite
Nën hije të urtësis'

G'zim ti je i mrekullushëm
jetën ton' çdo dit' stolis'.
N'pragun tënd o të magjishëm
buron kënga udhën nis.
Se atë që mbyt mërzia
ti sërish e gjallëron.
Vllazërohet njerëzia,
flatra jote ku pushon.

Во 1824 година Лудвиг ван Бетовен ја напишал својата последна, деветта, симфонија.



Лудвиг ван Бетовен



Фридрих Шилер

Фридрих Шилер ја напишал поемата „За радоста“ („An die Freude“) во 1785 година како „славење на човековото братство.“ По неговата смрт песната станала текст за хорската изведба на „Деветтата симфонија“ на Бетовен.

**Македонска брзозборка:**
**Учителот вика**
**дека вика**
**не се вика вика,**
**туку вика**
**дека вика**
**се вика вели.**

Албанска брзозборка:
Elelija bebelija,
baca m'bleu gurabija
lumi baca që s'harroi,
dhe bombonat mi premtoi.
(Елелија бебелија,
чиче купи гурабија,
тој не ме заборава,
и бонбони ветува.)



**Бошњачка брзозборка:**
**Četiri čavke na ćerpiču**
**čučeći ciјuču.**
**(Четири чавки на ќерпич црцорат**
**чучнувајќи.)**

Брзозборка е детска игра со зборови која треба да се каже три пати едно по друго со забрзување на изговорот, а притоа да се внимава да не се прават грешки. Со брзозборките можеме да вежбаме правилно изговарање на согласките и на самогласките, а притоа да внимаваме на јасната дикција (јасно изговарање на секоја буква со правилно земање воздух).

Ромска брзозборка:
Baro varo, tuke maro.
Sarinenge te ha maro.
(Големо брашно,
и за тебе леб,
сите да јадеме
највкусен леб.)

Влашка брзозборка:
Misur, misur
tu misur.
(Бројам пченка
во аван.)

Турска брзозборка
l bu takatukaları takatukacıya
takatukalatmaya götür
Takatukacı takatukaları
takatukalatmam derse
Takatukacıdan takatukaları
takatukalatmadan al da gel.
(Налани да земеш,
на мајстор да ги носиш,
ако не ги поправи
да ги вратиш дома.)

Српска брзозборка:
Медо меди не да меда,
не да медо меди меда.
(Мечето на мечето
не му дава мед.)

Биди креативен!
Напиши кратка брзозборка.

## ЧЕТВРТИНА И ОСМИНА НОТА И ПАУЗА ВО ПЕТОЛИНИЕ







**Нота** е музички знак со кој ги бележиме тоновите.

Знаците со кои се означува привремениот тонски прекин се викаат **паузи**.










Две осмини ноти се тактираат на еден удар.



## Вежба број 1



## Вежба број 2





**ЗАДАЧИ**

√ Колку четвртини паузи има во вежбата број еден?
√ Отсвири ја вежбата број два на детски ритмички инструменти.

## Вежба број 3



## Вежба број 4





**ЗАДАЧИ**

√ Колку четвртини ноти има во вежбата број три?
√ Отсвири ја вежбата број четири на детски ритмички инструменти.

# ЗА СИТЕ ДЕЦА (по слух)

музика: А. Џамбазов
текст: В. Пујовски






Сакам да е песна светот
тивок бран, изгрев ран.
Сакам да е песна една
да е цвет овој свет.
Сакам песна да се ори
тивок сон, ѕвезден ѕвон.
Сакам песна што ќе збори
ѕвезден ѕвон.

Рефрен:
За сите деца, да биде сонце,
да биде љубов, нека биде сјај.
Да биде копнеж, да бидат ѕвезди,
да биде пролет личен, цветен мај!

## SHTATORI/СЕПТЕМВРИ (по слух)

Музика: A. Imeri/А. Имери






# ТЕМПО

**Брзината со која се исполнуваат музичките дела се нарекува темпо.**

Основни темпа → Бавно, Умерено, Брзо



За поточно да ја определиме брзината на нашето пеење и свирење треба да користиме метроном.

Темпото се запишува над петолинието по виолинскиот клуч.






Николај Римски Корсаков (1988 – 1908) е руски композитор и диригент. Потекнува од аристократско семејство со долга традиција на војници и морепловци.

Уште во своето рано детство го покажува својот музички талент, па на шест години почнува да учи пијано.

**Бумбаров лет** – Николај Римски Корсаков

Музичката композиција е дел од операта ,,Приказна за царот Салтан.“

Овој музички дел се појавува кога лебедот ќе го претвори синот на царот Салтан во бумбар. Тогаш тој ќе може да одлета каде што сака и да го посети својот татко, кој не знае дека е жив.

Оваа композиција поради својата популарност, освен во изведба на оркестар, може да се сретне и во изведба на други инструменти.



**ЗАДАЧИ**

- √ Одреди го темпото на композицијата.
- √ Додека ја слушавте композицијата, какви чувства таа предизвика кај вас?



**Волфганг Амадеус Моцарт** (1756 – 1791) е австриски композитор.
Поради неговиот голем талент го нарекувале „чудо од дете“. На петгодишна возраст свирел како возрасен пијанист. Иако кратко живеел, напишал над 600 композиции.

**Турски марш** – Волфганг А. Моцарт

Се претпоставува дека ова дело Моцарт го напишал на 27 годишна возраст. „Турскиот марш“ е едно од попознатите Моцартови дела кое носи ведрина, радост, полетност и убаво расположение. Во тоа време во Европа сè што било турско било модерно, како: пиењето турско кафе, користењето на свилата во облеката, како и во начинот на облекување, носењето турбан и др. Инспирација да го создаде ова дело Моцарт добил од турските јаничарски тапанџии, по што и го нарекол „Турски марш.“

**Томазо Албинони** (1671 – 1751) е италијански композитор. Пишувал опери, инструментална музика, концерти, а особено се истакнува делото наречено Адаџо во g-moll.



**Адаџо – Томазо Албинони**

Ова дело често се нарекува „Адагио Албинони“ или „Адаџо во g-moll.“ Композицијата е втор дел од поголема композиција и многу често се изведува во различни аранжмани и на различни инструменти.



**ЗАДАЧИ**

√ Одреди го темпото на композициите.

√ Додека ги слушавте композицициите, какви чувства тие предизвикаа кај вас?

**ЗАДАЧА**

√ Разговарајте за разликите меѓу трите композиции.



# ЦЕЛА И ПОЛОВИНА НОТА И ПАУЗА ВО ПЕТОЛИНИЕ












**Ритмичкото именување на тоновите во мелодиска вежба, без нивно пеење по висина, се нарекува ПАРЛАТО.**

Вежба број 1



Вежба број 2





**ЗАДАЧИ**

√ Колку цели паузи има во вежбата број еден ?

√ Отсвири ја вежбата број два на детски ритмички инструменти.

Вежба број 3



Вежба број 4



Вежба број 5





**ЗАДАЧИ**

√ Истактирај ја вежбата број три парлато, а потоа мелодиски.

√ Колку половини паузи има во вежбата број четири?

√ Отсвири ја вежбата број пет на детски ритмички инструменти.

## ПОДЕЛБА НА НАРОДНИТЕ ПЕСНИ СПОРЕД СОДРЖИНАТА

Музичкиот фолклор е составен дел од фолклорното творештво на секој народ. Музичкиот фолклор го сочинуваат три важни делови кои се поврзани меѓу себе: народните песни, народните игри-ора и народните музички инструменти.

Народната песна во минатото се пренесувала од колено на колено, по пат на усно предание. Авторите на народните песни се непознати, затоа што песните не се запишувале, туку се пренесувале по уснен пат.




Народните песни можат да се пеат и без придружба на народни инструменти. Поголемиот дел од народните песни се придружувани со народни инструменти и со игри- ора.

**Семејните народни песни** опејуваат теми од секојдневниот живот на човекот, како: љубовта на родителите кон своите деца, љубовта на сестрата кон братот, убави и тажни моменти од семејниот живот.

## Садила Тимка босилок




**Во љубовните народни песни се опејува:** љубовта помеѓу двајца млади, убавината на некоја девојка или момче, склучувањето брак со стројници, социјалните разлики меѓу младите (сиромашна девојка – богато момче и обратно) и патријархалните сфаќања на родителите.

## Ој, зелено зеленило




Ој, зелено зеленило,
што си толку овенато?

Дали те слана осланила?
Дали те роса оросила?

Нит ме слана осланила,
нит ме роса оросила.

Тук ме мајка армасала
за едно момче што не сакам.

## БРОЈАЛКИ

Бројалките претставуваат ритмичен говор, односно ритмичко и цврсто изговарање на текстот. Вие, децата, а и вашите родители кога биле деца ги употребувале за пребројување во детските игри кои имаат за задача на точен начин по случаен избор некому да му се додели задача (на пример: да мижи, да бара некого или некој предмет, да гони, да биде во средина итн.)







Ени, мени, дуду мени, каранфери, мустафери,
џамбаз-кокотаз, молк-молк, приказна! Еве тебе гриз!




Еден, два, три – имам пилиња мои. Четири, пет, шест – имам убава кошула.
Седум, осум, девет – имам чевли две. Десет – си ги бројам прстите мои.




Пи, пи, пи, пи, пи, пи, пи, мамо, многу гладни сме.
Ко, ко, ко, ко, ко, ко, да, земам едно, давам две!




Тргна Медо во дуќан, не кажа „добар ден“,
туку рече „добровечер“, се поклони и побегна.




Добре дојде, добре дојде! Зошто сте со празни раце?
Кога сте поканети, носете подароци!






Пис, пис, мало маче во долапот мрда раче.
Таму има глушец мал, садови тој излижал.



# ДИНАМИКА

Динамика е јачината на звукот со која пееме или свириме музичка композиција.

**тивко** ← **Основни видови динамика** → **силно**

Динамичко нијансирање е постепена промена на јачината на звукот од тивко кон силно и обратно, од силно кон тивко. Во музиката таа промена можеме само да ја слушнеме, но не можеме да ја видиме. Во ликовната уметност постепената промена на една боја во различни нијанси можеме да ја видиме како примерот со сина боја.

**1. ИЗВОРИ** Еден мал извор топол и весел бликнува под сенката на шумата. Се слушаат малите бранови кои се претставени со звукот на флејтата. Од другата страна доаѓа студен и мрачен извор кој звучно го доловува кларинетот. Пробивајќи се низ шумата, двете изворчиња се спојуваат.




**2.РЕКА** Се создаде реката В'лтава. Тече покрај ливади, шуми, планини и карпести предели. Станува разбранувана и силна река. Музиката, исто така, звучно ќе ви долови дека реката станува поголема, посилна и погласна.

Беджих Сметана (1824 – 1884) е чешки композитор. Во неговите дела се препознаваат елементите на националниот фолклор.



**В’ЛТАВА – Беджих Сметана**

„В’лтава“ е композиција напишана за оркестар. Во неа композиторот Беджих Сметана музички ја опишува природата и традицијата на неговата земја. Симфониската поема В’лтава, ја напишал инспириран од немирните води на чешката река В’лтава.

**3. ЛОВ** „В’лтава“ ита низ шумата низ која што се движат ловци на елени и, ненадејно се слуша инструментот хорна во придружба на тапани и оркестар кој го најувава почетокот на лов. Ритамот потсетува на војнички марш и можете да почувствувате како ветерот ве удира по лице додека јавате на коњ.

**4. СВАДБА** Реката постепено се приближува до селото во коешто има свадба. На расцветаната и зелена ливада се слуша ведра музика. Во тек е свадбената веселба. Веселите сватови танцуваат на ритамот на полката, (чешка народна игра која се игра во парови).

**5. САМОВИЛИ** Ноќта покрај брегот на реката, русалките (водени самовили) излегуваат од мирната вода и танцуваат на месечината. Се слуша нежна музика како приспивна песна изведена на инструментот виолина. Затворете ги очите и претставете си слика на убави самовили со долги коси, облечени во бело, како танцуваат покрај брегот на месечината.



**7. ПРАГА** Реката е голема и тече накај градот Прага, а, исто така, поминува и покрај старата тврдина Вишеград. Се слуша свечен звук од трубите и од чинелите.

Реката е огромна, широка и постепено се губи во далечината.

**6. ВОДОПАД** Реката надоаѓа на карпест планински предел. Брановите удираат на карпите и се создаваат брзаци и водопади. Водата се разбранува, станува сè понемирна, поголема и побрза.

Звучноста на мелодијата го доловува моќниот звук на водопадот.

**ЗАДАЧИ**

Во нотните тетратки направете графички приказ со седум графи, а во секоја графа напишете го името на звучната слика:

1.Извори 2.Река 3.Лов 4.Свадба 5.Самовили 6.Водопад 7.Прага.

Во секоја од графите запишете ја динамиката и темпото на делот.

## БАТЕ СИМЕ (по слух)




### Бате Симе

Бате Симе, бате Симе,
спиеш ли, спиеш ли?
Сите ѕвона ѕвонат,
сите ѕвона ѕвонат,
бим-бам-бом, бим-бам-бом.

### Vëlla i dashur

Vëlla i dashur, vëlla i dashur
A po flen, a po flen?
Këmbanat po bien,
këmbanat po bien.
ding dang dong,
ding dang dong.



### Haydi Serdar

Haydi Serdar, haydi Serdar
Gün doğdu, gün doğdu
Saat sekiz oldu, saat sekiz oldu
Ding dang dong,
ding dang dong.

### Драги Бато

Драги Бато, драги Бато
спаваш ли?
Спаваш ли?
Већ звоне сва звона,
Већ звоне сва звона,
Динг, донг, данг,
динг, донг, данг.

## ТАТКОВИНО (по слух)

Музика и текст
Веселинка Мацарова




Колку убава е
мојата татковина.
Со езера, реки, планини
и плодни полиња.

Рефрен:
Татковино моја мила,
од срце те љубам јас.
Вечно сонце нека грее
над твојата убавина.

Во нас спомен е драг,
за храбри јунаци.
За минато славно големо,
на најмил народ свој.

Рефрен:
Татковино моја мила,

# РАМНОДЕЛНИ ТАКТОВИ 2/4, 3/4, И 4/4 ТАКТ

За полесно читање и следење на нотниот текст, петолинието се дели на помали делови наречени тактови.





Растојанието од една до друга тактова црта се нарекува **такт**.

Пред и по секој такт има вертикална линија на петолинието. Таквата линија се нарекува **тактова црта** и ги одделува тактовите еден од друг.

Крајот на песните и на композициите се обележува со двојна тактова црта (една потенка и една подебела линија) наречена **крајна или финална тактова црта.**



Да научиме што означуваат броевите кои ги гледаме по виолинскиот клуч. Тие се нарекуваат **тактова мера.**

Горниот број ги означува тактовите делови (**со колку тактови времиња**) ќе броиме во секој такт.



Долниот број ни покажува која нотна вредност служи како тактов дел, односно (**со какви нотни траења**) треба да броиме.

## Дводелен такт



ПРВО ВРЕМЕ | ВТОРО ВРЕМЕ



## Триделен такт



ПРВО ВРЕМЕ | ВТОРО ВРЕМЕ | ТРЕТО ВРЕМЕ



## Четириделен такт



ПРВО ВРЕМЕ | ВТОРО ВРЕМЕ | ТРЕТО ВРЕМЕ | ЧЕТВРТО ВРЕМЕ



Биди креативен!
Во нотните тетратки напишете една ритмичка вежба по ваш избор во 2/4, 3/4 или 4/4 во времетраење од четири такта.

**Хумористичните народни песни** се весели и ведри песни. Во нив се опеваат човечките недостатоци како: мрзеливоста, глупавоста, но има и песни каде што на животните им се даваат човечки особини.

## Бог да бие петлето




Бог да бие петлето,
што ми рано пропеа.
Па будеше бабата
да замеси зелникот.

Нешто крекна в зелникот.
Нешто мрдна в зелникот.
Сите викат жаба е,
баба вика мечка е.

Дур го баба замеси,
товар брашно измеси.
Дур го баба насоли,
каца пресол истури.

Сите зеа вилите,
баба зеде грабула.
Да претресе зелникот,
да ја најде мечката.

Дур го баба испече,
товар дрва изгоре.
Испече се зелникот,
па седнале да јадат.

Сите бегат низ врата,
баба бега низ баџа.
Сите идат со круши,
баба иде без уши.

**Трудовите народни песни** се поврзани со секојдневните обврски што ги имал нашиот народ за да го прехрани своето семејство. Такви народни песни се: овчарските, печалбарските, жетварските и аргатските.

## Распукала Шар Планина



## Ani mori nuse




II

As s'po due rruspe,
as s'po due pare.
Por e dua burrin,
pasha me cigare.

III

Ani me cigare,
ani me kuti-e
E me këpucë t'zeza
veshun si zotnie

## Dzelem, dzelem




Ala voliv lake kale jakha,
kaj si gugle sar duj kale drakha.
Ala voliv lake kale jakha,
kaj si gugle sar duj kale drakha.

Refren: Oooh, Romale!
Oooh, chavrale

Kindem lake lolo dikhlo tursko,
ni volil man achel latar pusto.
K indem lake lolo dikhlo tursko,
ni volil man achel latar pusto.

Refrem: Oooh, Romale!

## ИЗВЕДБА НА МОТИВИ И ФРАЗИ

**Мотив е најмала ритмичко-мелодиска целина.** Мотивот е најмалиот дел од една песна или музичка композиција, а тие се изградени од повеќе мотиви.

Кап, кап,

кап,

ситен дождец,

роси.




мотив | мотив | мотив | мотив

фраза

Два мотива градат една фраза

фраза

Кап, кап, кап

**Фраза е најмала метричко формална целина.** Фразата е музичка целина (поголем дел од мотивот), најчесто составена од два мотива.

ситен дождец роси

Во песните и во музичките композици ќе сретнете многу фрази, но за половина помалку од мотивите






**ЗАДАЧИ**

- √ Пронајдете ги мотивите и фразите во песничката со читање на текстот.
- √ Поделете се во две групи и применете динамичко читање и пеење на мотивите и на фразите од песничката, на пример: еден мотив прва група го пее тивко, а другиот мотив втора група го пее силно и обратно.
- √ Наизменично пејте и свирете ги мотивите и фразите од песната.

# ВОКАЛНА МУЗИКА

Човечките гласови се делат на: машки, женски и детски гласови.

Музиката која се исполнува само со човечки гласови, без придружба на инструмент, се нарекува **ВОКАЛНА МУЗИКА.**

Во музиката под поимот **композиција** се подразбира музичка форма (облик) која има свое одредено траење, почеток и крај.

Солист е музички изведувач кој пее сам, пред хорот или со придружба на некој музички инструмент или оркестар.



Хор е вокален ансамбл составен од поголема група пејачи кои исполнуваат повеќегласни хорски композиции, со или без инструментална придружба.







## МУЗИЧКА ИСТОРИЈА – Voca people

Луѓето од Вока пипл (Voca people) прикажуваат возбудлива и оригинална музичка авантура низ времето. Овие осум неверојатни, талентирани пејачи – комичари, полни со енергија и забава не користат музички инструменти, но изведуваат гласовни звучни ефекти произведени исклучиво преку нивното пеење во живо, комбинирајќи современи техники. Оваа вокална група во својот репертоар има обработено повеќе од 80 хитови од познати изведувачи на забавна музика како Мадона и Мајкл Џексон, но и преработки на класична музика.

## БЕА ДВЕ ЈАТРВИ – Р. Руди

Популарната композиција **„Беа две јатрви“** е напишана за мешан хор. Се зборува за две јатрви кои добро се сложуваат и се почитуваат како сестри. Авторот бил инспириран од фолклорот на албанскиот народ.
Рафет Руди е роден на 5 јануари 1949 во Косовска Митровица. Средно Музичко училиште завршил во Приштина, а дипломирал диригирање и композиција на Музичката академија во Белград. Тој е редовен професор во Музичката академија во Приштина. Од 1999 година е раководител и основач на Ремузика/Нова музика. Од 2006 е диригент на хорот на Филхармонијата на Косово, а неговите дела се изведуваат ширум светот. Рафет Руди компонирал повеќе видови музички композиции: вокални и инструментални дела, музика за театар и за филм и друго.





## РУМ, ДУМ, ДУМ – Драган Шуплевски

„Рум, дум, дум“ е композиција од збирката хорски аранжмани на македонски народни песни *Дафино вино црвено*, направени од еден од најпознатите македонски хорски диригенти, Драган Шуплевски. Во делото на многу интересен начин е вткаен и задржан фолклорот на македонскиот народ. Токму ова дело е изведувано од многу хорови во светот.

Драган Шуплевски (1933 – 2001) е хорски диригент, композитор и педагог. Основоположник е на повеќе професионални и аматерски хорови во Македонија: академскиот хор Мирче Ацев, радио-хорот на Радио-телевизија Скопје, детскиот хор Развигорче, младинскиот хор при Домот на младите и други. Неговото име денес го носи хорот при Факултетот за музичка уметност во Скопје.



### ЗАДАЧИ

√ Каков вид музичка изведба слушнавте во композициите (вокална или инструментална)?
√ Во какво темпо се изведени композициите?
√ Разговарајте за разликите помеѓу трите композиции.

## ПРОЛЕТ (по ноти)

Музика и текст:
Фроска Сапунциева






## MOLLËZO/БУБА МАРА (по ноти)

Музика: S. Qefa/С. Ќефа




**1.** Mollëzo, mollëzo
faqe kuqe vogëlo.
Pse qëndron përpjetë
fshehur në për fletë.

**2.** Mollëzo, mollëzo
fshihesh kot, por un' të shoh
eja pa vonuar
hidhmu fup në duar.

refreni: Thot molla çupëzo
faqe kuqo vogëlo
ngjitu në je trime
gjer në degën time.



## СКАЛА C-dur

**C-dur скала своето име го добила по почетниот тон C (ЦЕ), па затоа се нарекува C-dur скала.**

**C-dur**



| I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| C | D | E | F | G | A | H | C |

Местото на тоновите во тонската скала се нарекува **СТАПАЛО**.
Стапалата се бележат со римски броеви.

**C-dur**



| I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| C | D | E | F | G | A | H | C |

Растојанието помеѓу две стапала (соседни тонови) се нарекува СТЕПЕН.

Постојат два вида степена: ЦЕЛ СТЕПЕН ‿ и ПОЛУСТЕПЕН ∧ .
Цели степени во C-dur скалата се среќаваат помеѓу:
I-II; II-III; IV-V; V-VI и VI-VII стапало.
Полустепените во C-dur скалата се среќаваат помеѓу III-IV и VII-VIII стапало.

**C-dur**



**C-dur**




Ако ја поделиме C-dur скалата на два еднакви дела C D E F и G A H C2, ќе забележиме дека редоследот на целите степени и на половина степени е ист кај двата дела. Овие делови од скалата се нарекуваат ТЕТРАКОРДИ (од грчките зборови *тетра* – четири и *корда* – жица)
C D E F се нарекува долен или прв тетракорд, а
G A H C2 се нарекува горен или втор тетракорд.









**ЗАДАЧА**

Со точно решавање на анаграмниот полжав и на ребусите, ќе ги добиете музичките елементи од кои е изградена скалата C-dur. (Одговорите запишете ги во нотните тетратки).




**Анаграмен полжав**






# ИНСТРУМЕНТАЛНА МУЗИКА



Музиката која се исполнува само со музички инструменти се нарекува **ИНСТРУМЕНТАЛНА МУЗИКА.**



Музички инструмент е направа на која се свири на определен начин со соодветна техника.





**Под поимот оркестар се подразбира поголема група луѓе кои свират на музички инструменти и заеднички изведуваат музичка композиција.**



Диригент е музичар кој раководи со оркестарот/хорот за време на проба и концерт. Диригентот е одговорен за комплетната изведба на едно музичко дело.

Тој преку соодветно движење на рацете (диригирање), им дава знаци на изведувачите за: почеток и крај на музичките целини и композицијата, темпо, динамика и други музички изразни елементи.

## БАДИНЕРА – Ј. С. Бах



„Бадинера“ е француска игра која била популарна во XVII и XVIII век. „Бадинера“ е составен дел од свита, оркестарско дело составено од низа игри кои биле популарни во времето на Јохан Себастијан Бах.
Инструментот кој се истакнува се нарекува флејта и спаѓа во групата на дувачки инструменти.

Јохан Себастијан Бах (1685 – 1750) е еден од најзначајните германски композитори. Бах имал многу деца и сакал сите негови деца да бидат музички образовани и да научат да свират на клавир. Напишал многу композиции за клавир – од најлесни, за почетници, до композиции за концертно изведување. Бах бил познат и како оргулист. Творештвото на Бах е големо и разновидно.



## ХУМОРЕСКА – А. Дворжак

*Изразот „хумореска“* претставува шеговита приказна.
Под името „хумореска“ Дворжак напишал циклус од осум клавирски делови. Најголема популарност постигнал седмиот дел, наречен „Хумореска“,– кој денес се изведува самостојно на различни инструменти.
Инструментот кој се истакнува се нарекува виолина и спаѓа во групата на жичани инструменти.
**Антонин Дворжак** (1841 – 1904) е чешки композитор и виолинист. Карактеристично за неговите дела е што во нив успешно го користи чешкиот народен фолклор, но и музички фолклор на други народи.

## СОНАТА ФАЧИЛЕ – В. А. Моцарт



„Соната Фачиле“ е клавирска композиција „за почетници.“ Истата композиција може да ја сретнеме под две имиња „Sonata facile“ и „Sonata semplice“ или во превод „Лесна соната“ и „Едноставна соната“. И двете имиња насочуваат дека станува збор за музичка композиција намента за почетници поради нејзината едноставност.

*Анегдота*

*Кога тринаесетгодишниот син на неговиот пријател го прашал како да компонира, Моцарт му одговорил: ,,Ништо, ништо од тоа, мораш уште да чекаш.“*
*– „Но, вие сте маестро, многу порано сте почнале да компонирате“, се спротивставило детето малку навредено.*
*– „Да, но јас никогаш не прашав како се прави тоа!“, одговорил Моцарт, смеејќи се благонаклонето.*



**ЗАДАЧИ**

√ На каков вид музичка изведба припаѓаат композициите (вокална или инструментална)?
√ Одрете го темпото и динамиката на композициите.
Во нотните тетратки напишете ги разликите и сличностите помеѓу композициите.

## НОТА СИ (h) МАЛО



Начин на запишување на тонот си **(h) мало.**

Тонот си (h) мало се пишува под првата помошна линија под петолинието.







Тоновите си (h) мало и си 1 (h 1) имаат исто име, но се разликуваат по висината и по местоположбата во петолинието.

Вежба број 1



Вежба број 2





**ЗАДАЧИ**

√ Отпејте ги вежбите бр.1 и бр.2.

√ Избројте колку пати нотата си мало се среќава во вежбата бр.1, а колку пати во вежбата бр.2.

## Pčela




## Okulumuz

Музика: Habibe Kubur/Хабибе Кубур
Текст: Rakım Çalapala/Раким Чалапала




Her yerden daha güzel
bizim için burası.
Okul sevgili okul
neşe bilgi yuvası.

Senin çatın altında
girmez kötü duygular.
Bilgi giren yerlerde
kalmaz artık kaygılar.

Güzel kitaplar burada
birçok arkadaş burada.
Insan nasıl sevinmez
böyle yerde okur da.

Her yerden daha güzel
bizim için burası.
Okul sevgili okul
neşe bilgi yuvası.

# НОТА ЛА (а) МАЛО



Тонот ла (а) мало се пишува на втората помошна линија под петолинието.

Начин на запишување на тонот ла (а) мало.






ла (а) мало

Тоновите ла (а) мало и ла1 (а 1) имаат исто име, но се разликуваат по висината и местоположбата во петолинието.

ла 1 (а 1)

## Вежба број 1



## Вежба број 2





**ЗАДАЧИ**

√ Отпејте ги вежбите бр.1 и бр.2

√ Избројте колку пати нотата ла (**а**) мало се среќава во вежбата бр.1, а колку пати во вежбата бр.2.

## СРПСКА И ВЛАШКА ПЕСНА (по ноти)

### Лако је теби

Музика: М.Соколовић Игњачевић
Текст: М.Антић




### Alatrã cãnjlji pisti dzeanã

Музика: Христо Христоски - Мулар




Sh-inshi Ciona tu uboru,
s-avdã boatsãli a cãnjli a loru.

Inshi Ciona la cutaru,
cãndu veade oi nu lj-are.

Oile nu eara (ira) tu cutaru,
Mitra “sh-durnja”sum cutaru.

Mitra sh-eara (ira) plighuitu,
cu sãcimãlu acupritu aghuditu.

“Scoalã Mitra, scoalã bãrbate,
- Soarle ansãri trei bãrtsate”.

## ALBINA / АЛБИНА (по слух)

Музика и текст: Самир Мехмед




Gjilencar tute sovljar
gjilencar tute bajrara
17 masek hem 10 dive
pergjan avdive.

Kobor tu uljan dzandori
kobor tu uljan shuzori
bidzuko mange bahtalo i
barili mi phenori Albina.

**Родољубивите народни песни** ја опејуваат борбата за слобода на нашиот народ и храброста на јунаците кои ги дале своите животи за својата татковина. Такви народни песни се: комитските, ајдутските и партизанските

## Стар бел дедо




Стар бел дедо овци пасе
горе на Пирина.
Стадото му кротко пасе
трева детелина.

Стари дедо с' кавал свири
свири и нарежда:
- Де е Гоце, де е Јане,
нашите војводи?

Де е Гоце, де е Јане
нашиот цар пирински?
Знамето ни да развеат
за Македонија.

**Обредните народни песни** се поврзани со обичаите и со верските празници на нашиот народ, и тие помогнале да се задржат верата и духот до ден-денес. Такви песни се: коледарските, ѓурѓовденските, водичарските, додолските, лазарските, велигденските, свадбарските и тажачките.

## Черешна се од корен корнеше




Проштевај мајко, проштевај,
проштевајте мили роднини.
Досега сум мајка слушала,
отсега ќе слушам свекрва.

Отсега ќе слушам свекрва,
свекрва, свекор, јатрва.
Свекрва, свекор, јатрва,
и најмалото ни деверче.

## СКАЛА a-moll (природен вид)

Сите **дурски скали** имаат своја паралелна **молска скала**. Молските скали започнуваат од VI стапало на дурската скала, така што VI стапало во дурската скала ќе стане прво стапало во нејзината паралелна молска скала.

**Начинот на добивање паралелна молска скала на дурската е кога од основниот тон на дурската скала (I стапало) се движиме шест тонови нагоре.**




**Бидејќи тонските скали добиваат име според почетниот тон, ново добиената скала ќе добие име a-moll според почетниот тон a. Името на молските скали за разлика од дурските скали ќе се запишува со мали букви a-moll.**

a-moll скала (**ПРИРОДЕН ВИД**)




**Целите степени во a-moll (природен вид) се на следните стапала:**
**I – II, III – IV, IV – V, VI – VII и VII – VIII стапало.**
**Полустепените во a-moll (природен вид) се на следните стапала:**
**II – III и V – VI стапало.**

**Во скалата a-moll (природен вид) има два тетракорда.**
**Долен тетракорд: a, h, c, d.**
**Горен тетракорд: e, f, g, a.**

## Вежба број 1



## Вежба број 2



**КРИПТОГРАМ**

| | | |
|---|---|---|
| **г _ ѓ** | **ќ _ ф** | **п _ с** |
| **љ _ н** | **њ _ п** | **к _ љ** |



**ЗАДАЧА**

√ Напишани се две букви од азбуката помеѓу кои има една цртичка (Г_Ѓ). На местото на цртичката треба да ја напишете буквата која се наоѓа помеѓу двете веќе зададени букви (Г Д Ѓ). Ако правилно ги изберете буквите, ќе го добиете одговорот.



**ЗАДАЧА**

√ Според абецедните имиња и распоредот на полустепените, откријте на која клавијатура е претставена дурска, а на која молска тонска скала. (Одговорите запишете ги во нотните тетратки ).






Музиката која се исполнува со човечки гласови и музички инструменти се нарекува ВОКАЛНО-ИНСТРУМЕНТАЛНА МУЗИКА.









## ОДА НА РАДОСТА – Л. В. Бетовен



Ода на радоста е финалниот став од Бетовеновата Деветта симфонија, компонирана во 1823 година во која за првпат е воведено вокал – хор и солисти. Идејата или мотивот за „Ода на радоста" Бетовен ја земал од една стара германска детска песна.

Деветтата симфонија Бетовен ја напишал во потполна глувост и ѝ ја посветил на радоста. Познатиот четврти став „Ода на радоста" е напишан по Шилеровиот текст. „Ода на радоста" се смета за официјална химна на Европа.

Лудвиг ван Бетовен (1770 – 1827) е германски композитор и пијанист. Уште на четиригодишна возраст покажал исклучителен интерес за музиката. Тој компонирал и сам диригирал со оркестрите кои ги изведувале неговите дела. На триесетгодишна возраст, сосема го губи слухот, но продолжува да компонира.



## КАРО МИО БЕН – Џузепе Џордани

„Каро мио бен" е арија од 18 век со љубовна и романтична содржина. Поради нејзината убава мелодиска линија честопати е изведувана од многу соло-пејачи. Оваа арија можеме да ја слушнеме и како композиција за музички инструменти.

**Џузепе Џордани** (1751 – 1798) е италијански композитор од градот Неапол. Неговата прва опера е изведена во 1779 година. Како композитор најчесто компонирал вокална и вокално-инструментална музика. Тој станал maestro di capella во катедралата Фермо во 1791 година.

## ШЕЌЕРНА ПРИКАЗНА – Димитрије Бужаровски



„Шеќерна приказна" е опера за деца во три чина, која е напишана во 1976 година.

Во неа се зборува за авантурите на слаткарот Марко кој живеел во градот Негобило. Една вечер тој почнал да меси некоја нова мајсторија. По некое време восхитено извикал: „ИМАМ ДЕТЕ ОД ШЕЌЕР".

**Димитрије Бужаровски** е истакнат македонски композитор, пијанист, музиколог и педагог. Роден е во 1952 година, во Скопје. Напишал повеќе од 70 композиции во различни музички жанрови. Познато е неговото дело за пијано наречено *Вечеринки*, операта *Десйина и мисшер Докс*, ораториумот *Радомиров йсалм*, операта за деца, *Шеќерна йриказна*, вокалните циклуси за детски хор и синтисајзер *Свадбени йесни* и *Духовни йесни* и друго.



### ЗАДАЧИ

√ На каков вид музичка изведба припаѓаат композициите?
√ Одредете го темпото и динамиката на композициите
√ Преку ликовно изразување доловете го ликот на шеќерното дете.
√ Во нотните тетратки напишете ги разликите и сличностите меѓу композициите.

# ЗНАЦИ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА НОТНАТА ВРЕДНОСТ (точка, лак и корона)

## Продолжување на нотната вредност со точка ( • )

Кога покрај нотната глава од десната страна, ќе напишеме точка, тогаш траењето на нотата се продолжува за половина од нејзината вредност.






Половината нота со точка трае три удари.

## Продолжување на нотната вредност со лак ( ‿ ⁀ )



Нотните вредности може да бидат продолжени и со лак:

Се поврзуваат тонови со исто име и иста тонска висина, а траењето на првата нота се продолжува со траењето на втората нота.



Во овој пример се поврзани две ноти со исто име, но со различно времетраење.

## Продолжување на нотната вредност со корона ( 𝄐 )



Короната е знак со кој се продолжува траењето на некој тон за приближно половина од неговото траење.

Вежба број 1



Вежба број 2



Вежба број 3



Вежба број 4



Вежба број 5





**ЗАДАЧА**

√ Според бројот на вежбите, во нотните тетратки, напишете кој знак за продолжување на нотните вредности во која вежба е употребен.

## МУЗИКА ОД АНИМИРАНИ И ЦРТАНИ ФИЛМОВИ

Музиката во цртаните филмови го поддржува драмското дејство. Во повеќето цртани филмови е застапена класичната музика со цел полесно да се доближи до најмладата популација. Движењата во цртаните филмови на анимираните ликови се во координација со музиката, која може да биде специјално напишана за цртаниот филм, или да се земат познати музички композиции и песни од забавната и од класичната музика. Во цртаните филмови на животните честопати им се даваат човечки особини.

### LET IT GO (од анимираниот филм Frozen) – Р. Лопез

„Замрзнати“ („Frozen“) е американски компјутерски анимиран 3Д-филм на филмската компанија „Волт Дизни“ од 2013 година, снимен според мотивите на бајката „Снежната кралица“ од Ханс Кристијан Андерсен. Овој анимиран филм има добиено повеќе награди на филмските фестивали меѓу кои се и два оскара за најдобар анимиран филм и најдобра оригинална песна Let it go за која има направено и спот.









### ТОМ И ЏЕРИ – The Cat Concerto ( Унгарска рапсодија бр. 2 од Ф. Лист)

Музиката од цртаните филмови „Том и Џери“ изобилува со познати и популарни композиции од класичната музика. Цртаниот филм **„The Cat Concerto“** е направен според музиката на композицијата Унгарска рапсодија бр. 2 од Ф. Лист. Времетраењето на цртаниот филм, како и движењата, во целост одговараат на музиката.

**Музика од Том и Џери** во концертна изведба од симфониски оркестар. Овие дела се специјално напишани за цртаните филмови и доста се интересни за слушање, затоа што се користат и други звучни извори освен музичките инструменти.

**ЗАДАЧИ**

√ На каков вид музичка изведба припаѓаат композициите?
√ Преку ликовно изразување долови еден лик од цртаните филмови.
√ Во нотните тетратки напишете ги разликите и сличностите помеѓу композициите.

Кога ќе се спомене поимот ТОНСКИ РОД се мисли на ДУР И МОЛ кои како зборови водат потекло од латинскиот јазик (durus = тврд и mollis = мек, нежен).

Двата тонски рода се разликуваат меѓу себе според: звучноста, карактерот, изразот (честопати ќе бидат споредувани: дурскиот род – весел, а молскиот – тажен).

*Марш е композиција во дводелен такт со нагласен ритам.*



**В. А. Моцарт**
**(1756 – 1791)**

**Моцарт на осумгодишна возраст.**

**Турски марш – В. А. Моцарт**

„Турски марш" започнува со мелозвучна мелодија во мол, а потоа следува мелодија во дур, со ведар маршовски карактер.



**Феликс Менделсон**
**(1809 – 1847)**

**Свадбен марш – Ф. Менделсон**

Освен со музика, се занимавал и со уметност, литература, јазици и филозофија. Неговиот **Свадбен марш** го напишал во 1842 година, а овој марш можете да го слушнете како почеток на многу свадбени веселби.



**Лудвиг ван Бетовен**
**(1770 – 1827)**
**Бетовен на тринаесетодишна возраст.**

**За Елиза – Л. В. Бетовен**

Тој напишал повеќе композиции за пијано, а меѓу нив особено е популарна композицијата **За Елиза**. Ова дело композиторот ѝ го посветил на една млада девојка.



**ЗАДАЧИ**

√ На каков вид музичка изведба припаѓаат композициите?
√ Во кој тонски род се напишани композициите?
√ Разговарајте за разликите и за сличностите помеѓу композициите.

## Да се потсетиме: **ИНТЕРВАЛИ**




**Да се потсетиме: зборот интервал води потекло од латинскиот јазик (intervallum) што значи растојание.**

Лавдрим и Лидија имаат различни имиња. Но исто така, и интервалите ќе имаат различни имиња по кои ќе ги распознаваме.

Интервалот се именува според бројот на тоновите (стапалата) од кои е составен, а се запишуваат првиот и последниот тон од интервалот.

**Интервали :**

прима, секунда, терца, кварта, квинта, секста, септима, октава

**ПРИМА**

Интервал прима е мелодиско растојание помеѓу два тона со иста висина и на исто стапало.



**СЕКУНДА**

Интервал секунда е мелодиско растојание помеѓу два соседни тона (стапала). Зборот е од италијанско потекло што во превод значи втори.





**ОКТАВА**

Интервал октава е мелодиско растојание помеѓу осум тона (стапала). Се запишува првиот и последниот тон од низата од осум тона. Зборот е од италијанско потекло што во превод значи осми.







## ПРОЛЕТ– А. Вивалди

„Пролет" е дел од циклусот „Четири годишни времиња" (збирка од четири виолински концерти) на Антонио Вивалди.
Компонирана е во 1723 година и претставува едно од најпопуларните дела на барокната музика.
Антонио Вивалди (1678 – 1741) е венецијански композитор, виртуоз на виолина и свештеник. Го викале „црвениот свештеник" затоа што косата му била исклучително црвена. Вивалди тврдел дека тој можел да искомпонира концерт побргу отколку што е потребно време за да се испечати.

**Анегдота:** Вивалди често бил повикуван во домовите на венецијанските великодостојници. За време на свеченоста во палатата на некој кардинал, Вивалди престанал да свири кога кардиналот почнал гласно да зборува со еден од гостите. Изненаден, кардиналот го прекинал разговорот и го запрашал композиторот зошто престанал да свири. Вивалди, преправајќи се дека е понизен, рекол: „Простете господине, се уплашив дека Ви пречам во некоја важна работа."

## МЛАДИНСКИ АЛБУМ – В. Николовски



„Младински албум" се композиции за пијано создадени во 1960 година.
Властимир Николовски (1925 – 2001) е еден од најплодните македонски автори на XX век. Создал околу 140 творби за најразлични состави. Особено значајни се неговите вокално-инструментални композиции и оркестарски дела. Сепак, највисоките творечки дострели ги остварил на полето на хорската музика и во делата во кои доминира човечкиот глас. Во целото свое творештво, Николовски се инспирирал од фолклорот на својот народ.



## СИМФОНИЈА ЗА УДИРАЛКИ – Е. Евазен

„Симфонијата за удиралки" е напишана исклучиво за ударни инструменти (може да се каже дека е единствена од ваков вид композиција). Поради нејзината уникатност, композицијата е една од најизведуваните современи дела од ваков вид.

Ерик Евазен (1954) е американски композитор и учител.
Студирал композиција кај познати професори. Добитник е на многу награди и признанија.



**ЗАДАЧИ**
√ На каков вид музичка изведба припаѓаат композициите?
√ Одредете го темпото и динамиката во композициите.
√ Разговарајте за разликите и за сличностите меѓу композициите.



## „Разговор“

Непознат автор





**ЗАДАЧА**

√ Научете да ја свирите песната на детски мелодиски инструменти и на детски ритмички инструменти.

# ВЛАШКА И БОШЊАЧКА НАРОДНА ПЕСНА

## Lea Chiratsã

Музика: Христо Христоски - Мулар




Sum un pomu, sum un meru,
shsum naumbrã lea di nuc!

Aseara vrutã iu irai?
Vinj acasã shnunj tiaflai.

## Tebi majko misli lete




Daleko sam, majko sada,
daljina nas razdvojila.
Dali ću te ikad vise,
ja vidjeti, majko mila?

Zaboraviti nikad neću
tvoje oči blage mile,
i ručice, majko tvoje,
koje su me otranile.













# ИНТЕРВАЛИ: ТЕРЦА И КВАРТА

**ТЕРЦА**

**Интервал терца е мелодиско растојание од три тона (стапала). Зборот е од италијанско потекло што во превод значи трети.**



Вежба број 1



**КВАРТА**

**Интервал кварта е мелодиско растојание од четири тона (стапала). Зборот е од италијанско потекло што во превод значи четврти.**



Вежба број 2






Слика бр. 1

**ЗАДАЧИ**

√ ***Слика бр. 1*** Изградете интервали и напишете ги по име во нотните тетратки (обоениот квадрат со абецедно име, треба да биде првиот тон, а белиот квадрат со абецедно име вториот тон).

√ ***Слика бр. 2*** Откријте какви се интервалите по име на слика бр.2 (одговорите напишете ги во нотните тетратки според бројот пред интервалот на пример број 3 секунда).




Слика бр. 2

# ДЕТСКИ ХОР








Во детскиот хор пеат машки и женски деца на возраст од 9 до 14 години. Детскиот хор може да биде едногласен, двогласен и тригласен, а поретко четиригласен. Гласовите во детскиот хор се делат на први глас, втори глас и трети глас.

**ДЕТСКИ ГЛАСОВИ**

**ПРВИ ГЛАС**
Висок глас со светла и нежна боја на гласот.

**ВТОРИ ГЛАС**
Среден глас со малку потемна боја на гласот (не многу висок)

**ТРЕТИ ГЛАС**
Најдлабок глас и со најтемена боја на гласот.

Слушајте ги композициите и разговарајте за нивните карактеристики!
Научете да пеете една од песничките која ви остави најголем впечаток.
„Për Ty“ – Kori i fëmijëve “Okarina“ /„За тебе“ исполнува детски хор „Окарина“ (со учество на деца со посебни образовни потреби)
Песни од детски фестивали „За сите деца“ – „Златно славејче“
фестивали на различни јазици
(„Himna Ylberi“/„Песна Виножито“ и др.)

Хорската композиција ,,Азбука“ се смета дека Моцарт ја напишал на 25 годишна возраст заедно со друга слична композиција за пијано кои биле наменети за неговите ученици. Мелодијата е земена од познатата песничка ,,Twinkle, twinkle, little star“, но со мали измени. За потеклото на песничката не може точно да се каже, затоа што се сретнува во многу европски земји, но со различен текст. Хорската композиција е слична со пеењето на англиската азбука, која се употребува за брзо и лесно учење на азбуката во повеќе земји, адаптирана на нивната азбука.



,,Проба за концерт“ е композиција напишана за детски хор. Моцарт на интересен начин музички и текстуално ја опишува подготовката за концерт.

## АЗБУКА






**Кетрин Дејвис** (1892 – 1980) најпрво била учителка, а подоцна автор на класична музика, пијанист и автор на познатата божиќна песна ,,Малиот тапанар“.



### ЗАДАЧИ

√ На каков вид музичка изведба припаѓаат композициите?
√ Разговарајте за разликите и за сличностите меѓу композициите.

# ПРЕТТАКТ



Ритмичката вежба започнува со непотполн такт кој се вика ПРЕТТАКТ.

Преттакт е непотполн такт на почетокот на некоја песна или музичка композиција. Тактовите времиња што недостасуваат во првиот такт (преттакт) се надополнуваат со последниот такт кој, исто така, е непотполн такт. На овој начин првиот непотполн и вториот непотполн такт заедно сочинуваат еден полн такт.

**Се пишува:**



**Се изведува:**



Вежба бр. 1




Вежба бр. 2





**Биди креативен!**

Во нотните тетратки напишете една ритмичка вежба од 4 такта во 4/4 такт која што ќе започне со преттакт.

## Ben çaya indim

Halk türküsü




## Вишњичица род родила





# СТАРОГРАДСКИ НАРОДНИ ПЕСНИ



Староградските народни песни се настанати во градските средини во кои честопати се опејува градскиот начин на живеење. Во староградските народни песни се пее за: занаетчиските дуќани и занаетите, калдрмисаните улици, љубовта меѓу младите занаетчии и убавите девојки. Градови во кои најчесто се создавала, се пеела и се негувала староградската песна се Битола, Охрид, Велес и Штип. За некои од староградските народни песни се знае и името на авторот, како и за кој е наменета песната.

## Се посврши сербез Донка




Се собрале комшиите [x2]
тра, ла, ла, ла, ла, ла, ла, ла, ла
комшиите, другарките. [x2]

Не викајте аирлија [x2]
тра, ла, ла, ла, ла, ла, ла, ла, ла
тук' речете на мајка ми. [x2]

Аирлија, сербес Донке [x2]
тра, ла, ла, ла, ла, ла, ла, ла, ла
аирлија свршувачката. [x2]

Што ме даде на далеку [x2]
тра, ла, ла, ла, ла, ла, ла, ла, ла
на далеку, преку Вардар. [x2]

„Сербез Донка“ е староградска народна песна од Велес. Приказната за песната е инспирирана од вистински настан. Донка била една од најубавите велешки девојки, а кога поминувала низ чаршијата, сите се вртеле по неа. Но, таа се вртела само по Милета Ивчев, само за него имала и срце и очи. Убавата Донка, без нејзино знаење татко и ја свршил за еден богат човек. На денот на свршувачката, таа низ прозорецот побегнала за нејзиниот сакан.

*Сербез – потеклото на зборот е турски што значи: слободен, смел, безгрижен, самостоен.*

## Рајна на порти стоеше




Оздола иде млад јунак,
мила мамо,
оздола иде млад јунак,
и носи писмо за Рајна.

Реф: Оф, оф, Рајна ...

Рајно ле, моме убаво,
леле убаво,
Рајне ле, моме убаво,
носам ти писмо од дружба.

Реф: Оф, оф, Рајна ...

Рајна на јунак думаше,
леле думаше,
Рајна на јунак думаше:
Што ќе ми писмо од дружба,
кога ми либе замина?
Реф. Оф, оф, Рајна ...



Староградската народна песна „Рајна на порти стоеше" потекнува од штипската градска средина и е базирана на вистински случувања.

Рајна била убава мома во која се вљубил Коце, кој направил сè за да ја придобие нејзината љубов. Нивната љубов се крунисала со брак и имале убав заеднички живот. Но, во животот имале и несреќни моменти. Ја загубиле нивната прва рожба, а набрзо и Коце заминал во војска во друга земја. Таму Коце Марков се разболува и умира. Рајна, по смртта на Коце, 11 години останува вдовица, но среќата повторно и се насмевнува. Се мажи за Димче со кој имаат едно дете и имале убав заеднички живот.

## Korebe

Музика: Cengiz Ibrahim/Ценгиз Ибрахим




Türkü yaktik oynda
göster bizi körebe.
Değnek varsa elinde
kim olacak körebe.

Evet, evet ebesin
Yum iyice gözünü.
Elindeki değnekle
bul ebeyi körebe.

Sırs sende ebesin
saklanalım dur bekle.
Al değneyi eline
köre, köre, körebe.

## У свету постоји једно царство

Музика: Б. Милићевић
Текст: Т. Маравић




Тамо су куће од чоколаде,
прозори су од мармеладе.
Тамо свако ради оно што хоће
тамо расте свако воће.

У свету постоји једно царство
у њему царује другарство.

## ЕКОЛОШКА ПЕСНА (по слух)

Музика: Ј. Станиславски
Текст: С. Милошевиќ






Сочувајте ја птицата што пее
и бистри реки сонце што ги грее.
Чувајте го мирисот на цветот,
смеата на децата во светот.

Рефрен
Сè повеќе ја сакам...

## Да се потсетиме: МЕСТА НА ТОНОВИТЕ НА БЛОК ФЛЕЈТА

### ДО



### РЕ



### МИ



### ФА




СОЛ


ЛА


СИ


ДО



## Овчарска песна

В. А. Моцарт



## МОЈА ДОМОВИНА / МОЈАТА ТАТКОВИНА / (по слух)

Музика: Hana i Dinko Čizmić



## Валцер

Непознат автор





# АНЕГДОТИ



Еден многу богат и амбициозен татко имал голема желба на неговата единствена и сакана ќерка да и обезбеди часови по пијано кај славниот руски композитор и пијанист Антон Рубинштајн. Многу богатиот татко успеал да стапи во контакт со композиторот, па го довел во нивниот дом за да може да го процени талентот на неговата ќерка.
– Знае ли вашата ќерка да отсвири некое мое дело? прашал композиторот.
– Може таа и во сон да отсвири Ваше дело маестро, – одговорил гордиот татко.
Девојчето седнало да свири и отсвирело една позната композиција на Рубинштајн.
Но, композиторот едвај ја препознал својата композиција.
– Па што ќе кажете маестро? Ќе ја земете ли за ваша ученичка? – нетрпеливо и возбудено го прашал гордиот татко.
– Не, додека девојчето е будно.
– гласел одговорот на зачудениот Рубинштајн.



На еден концерт на славниот пијанист Артур Рубинштајн во Лондон била присутна и леди Есквит, сопруга на тогашниот британски премиер, а и добра пријателка на пијанистот Артур.

Кога концертот завршил и аплаузот веќе не се слушал, Рубинштајн се повлекол од сцената и како по обичај после секој негов концерт очекувал извици од публиката за ,,бис“ (повик повторно да отсвири некое кратко дело надвор од програмата). Меѓутоа немало извици, ниту аплауз, ниту повик за бис. Целата новосоздадена ситуација после концерт го збунило познатиот пијанист, па го прашал неговиот секретар да не е некоја саботажа или пак, некој извикал пожар, па публиката се разбегала.

Набрзо во неговата гардероба го добил одговорот. Откако тој излегол од сцената, само што публиката почнала да ракоплеска, леди Есквит станала и одржала краток и остар говор полн со прекорувања:
– Не ракоплескајте повеќе и немојте да го довикувате Артур! Зарем не ви е срам. За таа цена што плативте за билетите за концерт доволно е толку музика. Зарем не гледате дека е многу уморен, сакате уште повеќе да го заморите? Ајде одете си дома и оставете го да се одмори!
– По нејзиниот краток говор за минута салата се испразнила, а таа добила повеќе време да биде со својот драг пријател.

## СОДРЖИНА


Мудри мисли
Денес над Македонија ....4
Елементи на музичка писменост ....5
Ода на радоста (по слух) ....6
Брзозборки ....8
Четвртина и осмина нота
и пауза во петолиние ....10
За сите деца (по слух) ....12
Септември (по слух) ....13
Темпо ....14
Цела и половина нота и пауза
во петолиние ....16
Поделба на народните песни
според содржината ....18
Семејни и љубовни
народни песни ....19
Бројалки ....20
Динамика ....22
Бате Симе (по слух) ....24
Татковино (по слух) ....25
Рамноделни тактови ....26
Хумористични и трудови
народни песни ....28
Албанска и ромска народна песна ....29
Изведба на мотиви и фрази ....30
Вокална музика ....32
Пролет (по ноти) ....34
Буба Мара (по ноти) ....35
Скала C–dur ....36
Инструментална музика ....38
Нота си (h) мало ....40
Бошњачка и турска песна (по слух) ....41
Нота ла (a) мало ....42
Српска и влашка песна (по ноти) ....43
Албина (по слух) ....44
Родољубиви и обредни народни песни ....45
Скала a–moll природен вид ....46
Вокално-инструментална музика ....48
Знаци за продолжување
на нотната вредност ....50
Музика од анимирани
и цртани филмови ....52
Тонски род (дур-мол) ....53
Да се потсетиме: интервали ....54
Инструментална музика ....56
Свириме на детски
музички инструменти ....57
Влашка и бошњачка
народна песна ....58
Свириме на ритмички детски
музички инструменти ....59
Интервали: терца и кварта ....60
Детски хор ....62
Преттакт ....64
Турска и српска
народна песна (по ноти) ....65
Староградски народни песни ....66
Турска и српска песна (по слух) ....68
Еколошка песна (по слух) ....69
Да се потсетиме: места
на тоновите на блок флејта ....70
Свириме на мелодиски детски
музички инструменти ....72
Моја домовина (по слух) ....73
Свириме на мелодиски детски
музички инструменти ....74
Анегдоти